

# НИКОЛА КУЈУНЏИСКИ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
КУМАНОВО, 10-20-IV-86

Никола Кујунџиски, роден е 1920 година во Пехчево. Живее во Куманово, работел во фабриката за заварени цевки и профили „11 Октомври“ — Куманово сè до пензионирањето 1979 г.

Со фотографија се занимава од 1937 г., а по пензионирањето целосно и се посветува.

Член е на фото-кино клубот „Козјак“ — Куманово.

САМОСТОЈНО ИЗЛАГАЛ; — 1986 г. во Скопје

ГРУПНО ИЗЛАГАЛ; — 1954 — II РЕПУБЛИЧКА ИЗЛОЖБА на уметничка фотографија во Охрид, Битола, Куманово и Осјек, 1966 г. — VIII РЕПУБЛИЧКА ИЗЛОЖБА на уметничка фотографија во Куманово, каде ја доби III награда.

адреса Народна Револуција 1/IV Куманово
Тел: 0901 23-194

Мојот фото — израз претежно е „чиста фотографија“ — без „местења“, експерименти и апстракции, туку фото — видувања и запрени моменти од реалниот живот на човекот и природата.

Презентираните фотографии се сестрана променада: од селото до градот; низ полето и шумата; од пролетта до есента; и од летото до зимата.

Тие ни ги прикажуваат: родното поле и стадото во него; столетните шуми, но и младите насади што се уништуваат во името на „цивилизацијата“; белите кањонски води; карпата и нејзините форми; пејсажот на земјата и небото; свадбарската кујна, но и каменорезницата за надгробни споменици; тркалото што го врти воденичниот камен, но и домашната фурна што станала „Жртва на градскиот леб“; човекот и неговиот живот.

Во моите фотографии присутна е силна нишка на романтиката, која за жал, е се потенка во животот на современиот човек. Тоа е фотографија блиска и разбирлива за обичниот човек.

Сметам дека фотографијата има свои патишта на изразување, пред сè, е информација и документ на времето. Тоа е нејзината примарна улога и во тој медиј таа постои и се издига како уметничка творевина.

КАТАЛОГ:

1. Трансформација
2. Молзач
3. Тета Века од „мојот“ сокак
4. Пријателство без предрасуди
5. Пролет
6. Профилот на излетникот
7. „Блажени нишчи“ . . .
8. Човекот со свирче
9. Главниот фестивалџија
10. Дворот на манастирот Јован Бигорски
11. Каменот во служба на човекот
12. Спротивност
13. Свадбарска кујна
14. Зима
15. Леден локвен
16. Неда е „зафатена“
17. Комунална претпоставка
18. Цевен орнамент
19. Камена хармонија
20. Во очекување на стопанот
21. Потпрените порти
22. Расцеп
23. Белите нелегалки
24. Антипоза на стадото
25. Пролет во барата
26. Пред мандра
27. Во мандра
28. Антиекологија
29. Распад на романтиката
30. В. Д. камбанарија
31. Скулптура на природата — I
32. Незаприливата ерозија
33. Скулптура на природата — II
34. „Родан“
35. Фирмата „Рај-хипи“
36. Во напуштената ковачница
37. Зимен контрапункт
38. Ланско сено
39. Камена чељуст
40. Жртва на градскиот леб
41. Игра во бело
42. Расад

43. „Пенџерот“ на хан'мската одаја
44. Агли
45. Скелетот на конакот
46. Сплет
47. Рељефот и атмосферата
48. Предвечерје над градот
49. Носталгична импресија
50. Пред коларница
51. Архитектурен колаж
52. Остарената „убавица“
53. Балконите на „мојата“ станбена зграда
54. Бука столетница
55. Ново сено
56. До следната косидба
57. Еесен во шумата
58. Трага на човековото битисување на карпа
59. Полска врата
60. Кањонски бели води
61. „Созвездие“
62. Каменен цвет
63. Сончев превез
64. Снежна торта
65. Несоодветно движење
66. Зимно предвечерје на реката

---

ИЗЛОЖБАТА СЕ ОТВОРА НА 10. IV. 86 г. ВО 18,30 ЧАСОТ ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО КУМАНОВО